Друштво за производство, услуги и инженеринг
БОЈТА ИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-04/109
29.10 2020 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1988/2
02.11 2020 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст : Нарачател) и

2. **Друштво за производство,услуги и инженеринг БОЈТА ИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште на бул.АВНОЈ бр.64-1/5 П.ФАХ 780 Скопје, ДБ: 4030006588892 / ЕМБС: 6097898, жиро сметка: 200001299893403 - Стопанска банка АД Скопје, застапувано од одговорното лице Александар Зографски (во понатамошниот текст: Носител на набавката).

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на стока и тоа:

**Набавка на вертикална сообраќајна сигнализација**

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација изработена од Нарачателот, за спроведување на Набавка од мала вредност со објавување на Оглас бр.13271/2020 од 16.09.2020 год. на ЕСЈН, постапка која се спроведува во електронска форма преку ЕСЈН и завршува со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Носителот на набавката, стоката наведена во чл. 1 од овој Договор, ќе ја испорача за вкупна цена од **145.512,00 денари без пресметан данок на додадена вредност**, согласно резултатите од е-аукцијата одржана на ден 28.09.2020 г.

**Данокот на додадена вредност** на износот од ст.1 на овој член изнесува **26.192,16** денари или

**- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува: 171.704,16 денари.**

Во согласност со Извештајот од е-аукцијата единечните цени по опис и количини /за секоја ставка посебно/ се намалени за 14% во однос првично понудената цена.

Корекција на цените на стоките за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за цело времетраење на реализација на договорот.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка од 15.09.2020 год. се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 година, програма ЈФ, подпрограма ЈФ, ставка 480, подставка 480190.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши во рок од 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на доставување на фактура со испратница во архивата на Нарачателот, за стварно нарачани и испорачани видови на стоки и количини, согласно нарачката од Нарачателот и единечните цени без ДДВ составен дел на овој договор.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

***Начин, рок и место на испорака на стоките***

**Член 5**

Набавката ќе биде сукцесивна, во тек на 4 месеци, сметано од денот на потпишувањето на договорот за јавна набавка, а ќе се врши во зависност од потребите на Нарачателот по вид и количина, по претходно доставено писмено барање/нарачка од задолжено/овластено лице кај Нарачателот.

Рокот за испорака ќе биде утврден во секое поединечно барање/нарачка.

Носителот на набавката е должен да ги испорача стоките наведени во техничката спецификација.

Место на испорака на стоките: франко зграда на Општина Кочани, на свој трошок.

Испораката на стоката/те се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

***Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот***

**Член 6**

Во случај на доцнење со испораката на стоките од страна на Носителот на набавката, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0.5 % од вредноста на договорот со ддв за секој ден задоцнување.

Во случај на доцнење на испораката повеќе од 14 дена, Нарачателот има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката, да го раскине Договорот со проста Изјава и да бара надомест на штета.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Нарачателот.

Кога испораката на стоката доцни, потребно е Купувачот веднаш по приемот на стоката да му врачи на Продавачот писмено известување дека Купувачот го задржува правото на договорна казна.

Во случај на неисполнување на обврската, Купувачот може да бара или исполнување на обврската или надомест на штета.

***Квантитативна и квалитативна контрола***

**Член 7**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

***Гарантен период***

**Член 8**

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаните стоки кои настанале при нивно нормално користење. За тоа време Носителот на набавката, го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на стоката/те.

За квалитетот и гаранцијата на понудената стока, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Носителот на набавката е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган, при испорака на стоката.

Ретрорефлектирачката фолија треба да биде со квалитет Engineer grade (тип 1) со 7 годишна гаранција на квалитет.

**Член 9**

Нарачателот може поради неисправното функционирање да бара од Носителот на набавката, односно од производителот поправка или замена на стоката/те во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.

Тој има право на надомест на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на стоката/те од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.

**Член 10**

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок од 15 дена поправка или замена на стоката/те, Нарачателот може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.

***Материјален недостаток на стоките***

**Член 11**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката што ги имаат во моментот на преминувањето на ризикот врз Нарачателот, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Нарачателот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

**Член 12**

Недостаток постои:

1) ако стоката/те ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката/те ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Нарачателот, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката/те ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) кога Носителот на набавката предал стока/и која не е соодветна на барањата во техничката спецификација.

**Член 13**

Носителот на набавката одговара и за недостатоците што Нарачателот можел лесно да

ги забележи, ако изјавил дека стоката/те нема никакви недостатоци или дека стоката/те има определени својства или одлики.

**Член 14**

Нарачателот е должен, при воочување на недостатоци на набавената стока да го извести Носителот на набавката. Носителот на набавката е должен да постапи по укажаните забелешки на нарачателот и да ги отсрани недостатоците во најкраток можен рок.
Кога прегледот е извршен во присуство на двете договорни страни, Нарачателот е должен своите забелешки поради недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката.

**Член 15**

Кога по приемот на стоката/те од страна на Нарачателот ќе се покаже дека стоката/те има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Нарачателот е должен, за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

**Член 16**

Во известувањето за недостатокот на стоката/те Нарачателот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката/те.

**Член 17**

Нарачателот кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток согласно спецификацијата (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Нарачателот има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, Носителот на набавката му одговара на Нарачателот и за штетата што овој поради недостаток на стоката/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

***Применлив закон***

**Член 18**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

***Виша сила***

**Член 19**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

***Времетраење на Договорот***

**Член 20**

Договорот се склучува за период од 4 (четири) месеци од денот на склучувањето.

***Обештетување***

**Член 21**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

**Член 22**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

***Решавање на спорови***

**Член 23**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред надлежен суд.

***Раскинување на договорот***

**Член 24**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 25**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 3 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 26**

Нарачателот може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 27**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 28**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 29**

Доколку кога Носителот на набавката предал стока/и која не е соодветна на барањата во техничката спецификација, Нарачателот може да го раскине договорот со проста изјава.

**Член 30**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 31**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

***Завршни и општи одредби***

**Член 32**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 33**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 34**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Нарачателот и 2 (два) примероци за Носителот на набавката, а стапува на сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| ***за Носителот на набавката*** | ***за Нарачателот*** |
| ***БОЈТА ИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Одговорно лице,*** | ***Градоначалник,*** |
| ______________________ | ______________________ |
| ***(Александар Зографски )*** | ***(Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :
- листа на цени со намалени единечни цени согласно Извештај од е-аукција

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова***
***Согласен : Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров***

**ЛИСТА НА ЦЕНИ**
**за**
**Набавка на вертикална сообраќајна сигнализација**

| Ред.бр | ознака | име на знакот | Единечна мера | количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ддв |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 124 | Деца на патот (страни 900мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 2 | 201 | Крстосување со пат со првенство на минување (страни 900мм) | парче | 10 | 1.075 | 10.750 |
| 3 | 202 | Задолжително запирање (Ф 600мм) | парче | 10 | 1.075 | 10.750 |
| 4 | 205 | Забрана за сообраќај во една насока (Ф 600мм) | парче | 6 | 1.075 | 6.450 |
| 5 | 230 | Забрана за свртување на лево (Ф 600мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 6 | 231 | Забрана за свртување на десно (Ф 600мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 7 | 235 | Ограничување на брзината (Ф 600мм) | парче | 6 | 1.075 | 6.450 |
| 8 | 236 | Забрана за запирање и паркирање (Ф 600мм) | парче | 6 | 1.075 | 6.450 |
| 9 | 246.1 | Дозволени насоки (Ф 600мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 10 | 248.2 | Задолжително обиколување од десна страна (Ф 600мм) | парче | 6 | 1.075 | 6.450 |
| 11 | 302.1 | Обележан пешачки премин (страни 600мм) | парче | 10 | 1.075 | 10.750 |
| 12 | 303 | Деца на патот (страни 600мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 13 | 305 | Пат со еднонасочен сообраќај (страни 600мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 14 | 306 | Пат со првенство на минување (страни 600мм) | парче | 2 | 1.075 | 2.150 |
| 15 | 320 | Издаденост на патот (страни 600мм) | парче | 4 | 1.075 | 4.300 |
| 16 | 330 | Стојалиште за автобус (600мм x 900мм) | парче | 4 | 1.419 | 5.676 |
| 17 | 346 | Такси (600мм x 900мм) | парче | 2 | 1.419 | 2.838 |
| 18 | 354 | Слеп пат (страни 600мм) | парче | 2 | 1.161 | 2.322 |
| 19 | 363 | Патоказ (120см x 45см) | парче | 4 | 1.419 | 5.676 |
| 20 | 366 | Престројување на возила (страни 600мм) | парче | 4 | 1.419 | 5.676 |
| 21 | 404 | Патоказна табла со димензии (120см x 200cm) | парче | 6 | 2.322 | 13.932 |
| 22 | 504.1<br>504.2 | Дополнителна табла положба на патот со првенство на минување (страни 600мм) | парче | 2 | 1.075 | 2.150 |
| 23 | 510.1 | Дополнителна табла време во кое важи забраната (600мм x 300мм) | парче | 4 | 559 | 2.236 |
| 24 | 9.45 | Сообраќајно огледало (Ф 900мм) | парче | 2 | 4.128 | 8.256 |
| 25 | | Столбови за знаци (висина 4 м.) (Ф 60мм) | парче | 10 | 645 | 6.450 |
| | | | | | **Вкупно без ДДВ** | 145.512 |

*за Носителот на набавката*
*БОЈТА ИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје*
*Одговорно лице,*

*(Александар Зографски )*

*за Нарачателот*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Согласен : Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*